# LEGAL - POLITICAL ASPECTS AND CONSEQUENCES OF PERFORMANCE OF SEARCH OF OFFICIAL PREMISES OF POLITICAL PARTIES

**Toni Georgiev**
Military academy "General Mihailo Apostolski", Skopje, N. Macedonia, tonigeorgiev@yahoo.co.uk
**Oliver Andonov**
Military academy "General Mihailo Apostolski", Skopje, N. Macedonia, andonov.oliver@yahoo.com

**Abstract:** The purpose of this paper is to make a comparative analysis of the legal-political aspects of the search as a police-investigative action within the criminal procedure conducted on a political legal entity in the Republic of Macedonia, as well as an analysis of the political and legal consequences on the political entity. from the search of the official premises.
The paper applies a comparative analysis of the legal regulations of the search procedure, as well as an analysis of the political aspects and consequences from the point of view of the current situation in Macedonia.
It is noticeable that the legal-police procedure "Search of home and other premises", which includes the search of the official premises of political parties as political legal entities in Macedonia, leaves the possibility for its political abuse. Namely, despite the legal regulations related to the exact provisions on who, in what situation, for what purpose and in what way can issue a search warrant, the motives and the explanation for the request for approval of the search are debatable, and in the absence of specific indications or evidence of a crime. The political aspect seen through the prism of the current situation in Macedonia gives us a sufficiently objective sense of the open possibility of abuse of the criminal investigation procedure "search". This feeling refers precisely to the goals, motives and future tendencies that need to be achieved from a political point of view, in order to publicly compromise the political entity or its members, to obtain sensitive political information about the work of the political entity, as well as documents that would affect of the future political activities and strategies of the entity. Exactly this approach opens the possibility for legal abuse of the search instrument, which in addition to the legal consequences and the definition of legal provisions is discussed in this paper.
It is necessary to make legal changes regarding the search of official premises of political entities and to precisely regulate the reasons for conducting the search, the exact premises, as well as the precisely defined evidence required, their seizure and avoidance of misuse of the information obtained are not subject to a crime for which the search is being conducted.
**Keywords:** search, offices-official premises, political parties

# ПРАВНО – ПОЛИТИЧКИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ПРЕТРЕС НА СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

**Тони Георгиев**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, Република С. Македонија
tonigeorgiev@yahoo.co.uk
**Оливер Андонов**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, Република С. Македонија,
andonov.oliver@yahoo.com

**Абстракт:** Целта на трудот е да се направи компаративна анализа на правно-политичките аспекти при извршувањето на претресот како полициско-истражно дејствије во рамките на кривично-процесната постапка спроведена врз политички правен субјект во Република Македонија, како и анализа на политичките и правните последици врз политичкиот субјект од извршување на претресот на службените простории.
Во трудот е применета компаративна анализа на законските правни регулативи на постапката претрес, како и анализа на политичките аспекти и последици од гледиште на актуелните состојби во Македонија.
Забележливо е дека правно-полициската постапка „Претрес на дом и други простории“ во чии рамки е и претресот на службените протории на политичките партии како политички правни субјекти во Македонија, остава можност за негова политичка злоупотреба. Имено, и покрај законските регулативи поврзани со точните одредби кој, во која ситуација, со која цел и на кој начин може да издаде налог за извршување на претрес, дискутабилни се пред се мотивите и образложението за барање за одобрување претрес, а во

недостиг на конкретни индиции или докази за сторено кривично дело. Политичкиот аспект гледан низ призмата на денешната состојба во Македонија ни дава доволно објективно чувство за отворената можност за злоупотреба на кривично-истражната постапка „претрес“. Тоа чувство се однесува токму на целите, мотивите и идните тенденции кои од политички аспект треба да се постигнат, а со цел јавна компромитација на политичкиот субјект или негови членови, доаѓање до чувствителни политички информации за работата на политичкиот субјект, како и документи кои би влијаеле на идните политички активности и стратегии на субјектот. Токму овој пристап отвора можност за законска злоупотреба на инструментот претрес, а за што покрај правните последици и дефинирањето на законските одредби станува збор во овој труд.
Неопходно е да се направат законски измени во однос на претресот на службени простории на политичките субјекти и прецизно да се регулираат причините за извршување на претрес, точните простории, како и точно определените докази кои се бараат, нивно одземање и избегнување на злоупотреба на добиените информации кои не се предмет на сторено кривично дело поради кое се извршува претресот.
**Клучни зборови**: претрес, службени простории, политички партии

## 1. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Трудот кој имате можност да го видите, претставува анализа на теориските и законските основи на поимите претрес, политичка партија и службани простории со тенденција на приказ на можните злоупотреби на обвинителско-полициската активност „претрес на службени простории“ кои се сопственост или во владение на политичките партии во Република Македонија. Оваа анализа на возможните злоупотреби при вршењето на претрес на службените простории на политичка партија претставува обид за теориски вовед во понатамошно социолошко и емпириско истражување на практичните појави во оваа област. Со оглед на актуелната политичка состојба во Македонија и неизграденоста на институциите на системот што го ставаме во воведот како општо прифатен и емпириски докажан заклучок, може да констатираме дека можноста за злоупотреба на претресот како обвинителско-полициска активност насочена првенствено и единствено кон прибирање на докази за конкретно или друго сторено кривично дело во рамките на кривично-процесната постапка, е изразито голема.
Улогата на политичките партии, особено оние доминантните во Република Македонија, а пред се нивната цел е да се позиционираат на власт, односно да раководат со институциите во државата. Оваа јасна и видлива цел се остварува низ сложен процес на креирање политики и донесување одлуки, наметнување на авторитет и практикување на власта. Токму во овој контекст, можната злоупотреба на претресот како правно-обвинителска и оперативно-криминалистичка постапка може да доведе до последици како врз конкретниот политички субјект, така и врз правниот систем во државата и секако политичките тенденции и правци на движење на државата во прагматичната политика.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методолошката основа на истражувањето во овој труд претставува квалитатевен пристап преку анализа на содржина на документи при што методот во научното истражување се дефинира како „начин на кој науката доаѓа до сознавање на предметот што го проучува, а методологијата е наука за методот“[49]
Квалитативниот пристап, пред се значи насоченост кон наративниот опис на општествените појави или трагање по смислата и значењето на случувањата, процесите што ги имаме за општествените актери, а посебно за оние кои ги создаваат и учествуваат во нив[50], што е случај во оваа истражување на претресот на службени простории на политички субјект, како исклучително сензитивен општествено-кривичен настан подложен на перцепција и суд на широката јавност. Несомнено дека во овој контекст, како дел од општествената стварност кој неможе да се истражи со квалитативен пристап, но наспроти некои тврдења сметаме дека постои релевантен научен пристап и со тоа и општествена оправданост за ваков пристап кон истражувањето.
Една од основните постапки кои треба да ги примениме во овој труд претставува дефинирањето на поимите кои се однесуваат на претресот и политичките партии.

[49] Цане Мојаноски, „Методологија на безбедносните науки – основи“, Книга прва, Факултет за безбедност, Скопје, 2015, стр.135
[50] Исто, стр.219

Дефинирањето на поимот политичка партија е дадено во Законот за политички партии на Рерпублика Македонија[51], каде што се вели: „Политичката партија е доброволна организација на граѓани, формирана за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта." Основната цел на политичката партија е да учествува во политиката. Во Блекселовата Политичка енциклопедија, поимот политика е дефиниран како: „Процес со кој една група на луѓе, чии мислења или интереси се почетно различни, доаѓаат до колективни одлуки кои обично се сметаат како обврзувачки за групата и се применуваат како заедничка политика"[52]. Политиката претставува комплексна идеја која во себе вклучува неколку елементи, а дел од неа е политичкото организирање во политичка партија, која пак дејствува на јавна сцена. Еден од клучните елементи на политиката, а со тоа и на политичката партија како правен субјект е донесувањето на одлуките, а вториот е клучен елемент е авторитетот и во практика тоа се изразува низ власта и наметнување на одлуките врз општеството и членовите во партијата. Токму затоа, кога станува збор за извршување на правно-криминалистичкото дејствие претрес на службени простории на политички субјект, станува неминовно да се размислува за последиците, а во контекст на допир со партиски одлуки и стратегии кои не се предмет на кривично дело, како и за психолошкиот миг на нарушување на авторитетот и со тоа силата на власт во политичката партија.

Со поимот правно лице се означуваат одредени организации на лица и имот кои правниот поредок ги признава за субјекти во правото.[53] Правното лице претставува збир од повеќе физички лица кои се здружиле, врз основа на правните прописи, да остварат некаква заедничка цел. Правното лице со самото настанување истовремено стекнува и правна, деликатна и процесно правна способност.[54] Кривичното законодавство на европските држави до пред десетина години тргнуваше од субјективната одговорност како основа на кривичната одговорност, како еден од основните услови за казнување и при коруптивно однесување на полициските службеници.[55] Денес, Франција,[56] Англија, САД, а и други европски држави[57] прифаќаат кривична одговорност на правните лица и со тоа и политичките субјекти. Така, во современото кривично право постои тенденција за општо прифаќање на казнување на правните лица. За сторените кривични дела на правните лица како главна казна се изрекува парична казна.[58] Сепак, се поставува прашање, дали во секој случај на поединци кои во рамките или за потребите на политичкиот субјект ќе им се изрече друг вид на казна или на одговорното лице на политичкиот субјект (претседател на политичка партија) може да му се изрече друг вид на ефективна казна за сторено кривично дело?

Правното лице има своја автономна волја, што ја формираат неговите органи и претставници, која е различна од волјата на одделни негови членови. Од овие причини правното лице има и деликвентна способност, а системот на казна треба да се прилагоди на неговата природа, во насока на пропишување на казни со кои ќе се посега по имотот и репутацијата на правното лице.[59] Казнената одговорност на правните лица претставува значајна новина која е воведена во казненото право на Република Македонија со стапување во сила на Новелата на Кривичниот законик од 2004 година. Со тоа, македонското казнено право се приклучи кон групата на современи држави кои, освен физичките лица, како субјекти на казненото право ги предвидува и правните лица. Овде сакаме да одговориме на прашањето дали кај правните лица е можен претресот, и ако е, под кои услови и во кое својство се наоѓа правното лице ако кај нив се врши претрес. Зависно од видот на кривичното дело може да се јави потребата, покрај претресот кај осумничениот-одговорното лице во правното лице, претрес да се изврши и во правното лице и кај неосумничените физички лица надвор од правното лице. Во таквите случаи исто така нема проблем за вршење на претрес доколку

[51] КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ НА З А К О Н ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13 ) (Одлука на Уставен суд бр.57/07 и 60/07), Глава 1-Општи одредби, член 2 став 1

[52] Давид Милер, „Блексвелова енциклопедија на политичката мисла", Ми-Ан, Скопје, 2002, стр.323

[53] Тодор Витларов, Одговорност на правните лица, во: Збирка на трудови на Правниот факултет-Скопје, 2005

[54] Владо Камбовски, *Казнено право, општ дел*, Култура, Скопје, 2004, стр. 357.

[55] Alexsander Stoyanov, "Corruption, state capture and anti-corruption initiatives in post-communist countries", New Packaging, EISA, Johanesburg, 2018, pp168

[56] Dražen Horvatic, Nenad Novoselac, „Općenito o kažnjavanju pravnih lica", Opći dio kaznenog prava, Zagreb, 2004, str.161

[57] Посебно внимание предизвика препораките на Советот на Европа број R (88). Холандија ја има предвидено одговорноста на правните лица за сите казниви дела од 1976. Словенија во 1999 донела посебен закон за одговорноста на правните лица.

[58] За постапка спрема правните лица Гл.XXVII-а ЗКП, СВ.17/97-773, 74/04-2, 15/05-1(Пречистен текст) Види повеќе Кривичен законик –Интегрален текст-Предговор, кратки објаснувања и Регистар на поими Скопје., 2009

[59] Владо Камбовски, Учество на повеќе лица во казненото дело, стр. 245, Скопје 2001.

постојат законски причини и услови за претрес, затоа што сите освен осумничениот влегуваат во кругот „други лица“.

Под поимот списи се подразбираат разни писмени состави, без оглед на тоа од каков вид и карактер се тие, со каква содржина, големина, намена издавач, составувач, сопственик и сл. Во казнената постапка списите се одземаат секогаш кога е веројатно дека содржат податоци кои се од значење за постапката и кои може да послужат како доказ, независно од тоа дали му припаѓаат и дали се наоѓаат кај обвинетиот или кај трети лица. Од општата обврска на сите лица да ги покажат и да ги предадат своите списи и други исправи постои исклучок, според кој, државните органи може да не го дозволат ова ако сметаат дека објавувањето на нивната содржина би било штетно за државните интереси. Под поимот свои списи се подразбираат оние што потекуваат од самиот државен орган и списите издадени од друг, коишто се наоѓаат кај тој орган.

Само државен орган во чија сопственост се списите определува кои државни интереси ќе претрпат штета од покажувањето или од издавањето на списите, со должност да го образложи таквото свое мислење и оцена. Доколку по тоа прашање дојде до судир, несогласност меѓу државниот орган и органот на постапката, конечната одлука ја донесува судот. Доколку во постапката за извршувањето на ваквата одлука постои отпор од страна на државниот орган, препорачливо е да се бара интервенција од повисокиот државен орган.

Меѓутоа, правните лица може да бараат да не се објават податоците што се однесуваат на нивното работење, без оглед на тоа дали тие со нивни општи акти се огласени за податоци од доверлив карактер или не. Доколку се врши привремено одземање на списи што може да послужат како доказ ќе се изврши нивен попис. Но, земајќи предвид дека списите обично се одземаат при претресување и ако нивниот број е толку голем што нивното попишување на лице место не е можно, законот предвидува списите да се стават во обвивка и да се запечатат, со тоа што кон нивниот преглед и попис се пристапува дополнително.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Кога станува збор за политичките аспекти на претресот како правно-обвинителска и оперативно-криминалистичка постапка во службените простории на политички субјект, потребно е да се осврнеме кон филозофското определување на поимот правда. Пред се, затоа што претресот е дел од постапките за спроведување на правдата, а основната улога и општествена цел на политичкото делување е правдата (спроведување на законот) или тоа е основната должност на политичките претставници и организираните политички субјекти кон сопствениот државен и политички систем. Оваа правда во политичка смисла, не во смисла на „социјална правда“, подразбира и еднаквост пред законот и одговорност за сторените кривични дела, без разлика дали се работи за политички функционер или политички субјект.

Во политичката филозофија, правдата се доведува во врска со должноста – со она што го бара моралното однесување да го правиме едни кон други или едни кон други, заеднички со посредство на политичките институции[60]. Во овие политички институции припаѓаат и тоа на прво место политичките партии. Токму тука се појавува една дилема, а тоа е обврската да се прави тоа што е морално или она што е обврзувачко и од морален аспект.

Доколку навлеземе во подлабоко објаснување на поимот „правда“ и неговото политичко и практично толкување ќе треба да се оддалечиме од темата на трудот, така што ќе застанеме на она што правдата и моралноста, а во однос на владеењето на правото и почитувањето на законските одредби без навлегување во толкувањето на правдата како неопходност за давање на другите на она што им припаѓа како правичност или хуманистичка праведност. Одтука и моралниот аспект на лична или колективна проценка на исправноста на законските одредби не доведува до едно многу важно прашање: „правото на државната власт и дали и во кои околности поединците (политичките субјекти) се обврзани да се покоруваат на законите со кои не се согласуваат“?

Токму од тука започнува нашата политичко-правна дилема на секојдневната пракса во Македонија и основата на злоупотребата или употребата на оперативно-криминалистичката постапка претрес во политички цели. Овие политички цели може да бидат разгледувани од два аспекти:

1.Како политички цели на владеачката политичка структура за спроведување на правдата

2.Како политички цели на владеачката структура за политичко девалвирање на друг политички субјект.

На прво место ја ставаме владеачката политичка структура, бидејќи таа е таа која во прв план треба и е задолжена за спроведување на законот и правдата во врска со сторени кривични дела. Втор аспект е опозициониот политички субјект кој има амбиции да биде владеачка политичка структура и при тоа:

1.Може да биде жртва на постапката на власта за негова општествено-политичка девалвација

2.Да се обидува да дојде на власт со помош на кршење на законите.

---

[60] Адам Смит, „Политичка филозофија“ – Водич за студенте и политичаре, Клио, Белград, 2018, стр.21-22

Во секој случај, претресот на просториите на политички субјект, поради барање докази за сторено кривично дело од поединец во политичкиот субјект или за против законито делување на политичкиот субјект како организација, претставува општествено-политички настан кој покрај правно-криминалистичките аспекти на прво место за јавноста и во нејзините очи остава слика на политичко дејствување. Таквото за јавноста политичко дејствување не внесува во дилемата: „дали во државата владее правната држава или се врши политички прогон на неистомисленици"?

Соочени со оваа дилема, надвор од правно-криминалистичката постапка која мора да биде потполно законски поткрепена и спроврдена во вака специфични облици на истраги и спорведување на законот, политичките консеквенци за сите страни, а пред се државните органи и утврдувањето и докажувањето на кредибилитетот и капацитетот на институциите на системот е на прво место.

Прашањата со кои при спроведување на претресот може во пракса да се соочиме, а кои се поврзани со конкретни политички последици се:

1.Пронаоѓање и одземање (секако со записник за привремено одземени предмети) на стратешки планови и документи за политичка активност на политичкиот субјект.

2.Документи и конкретни информации кои се однесуваат на сознанија за сторени кривични дела кои ги сторила власта, особено докази за сторени финансиски кривични дела и одземање на овој доказен материјал.

3.Информации за лица и групации (Невладини организации или друг вид на организации) кои соработуваат со политичкиот субјект, а против владеачката политичка елита или партија.

4.Пронаоѓање и одземање на сензитивни информации кои се однесуваат на лични работи поврзани со раководството на политичкиот субјект во чии простории се врши претрес.

5.Пронаоѓање на финансиска документација, а особено онаа која се однесува на финансиско плаќање на поединци и организации, медиуми и портали или ПР агенции кои вршеле услуги, обуки и слични за потребите на политичкиот субјект.

6.Информации за донатори, преговори со потенцијални донатори и извори на финансирање на политичкиот субјект.

7.Потполн увид во архивските податоци на политичкиот субјект.

Ова се само дел од материјалите до кои би можело да се дојде при претрес на просториите на политички субјект, а кои во најголем дел не мора да бидат доказ за сторено кривично дело, но во пракса може да се одземат под образложение за основ на сомнение и истите да бидат употребени во политичката борба против политичкиот субјект. Исто така, многу интересно е тоа што дел од добиените податоци, особено оние кои се однесуваат на финансиските текови, донации, донатори, разни исплати и уплати или текот на парите, во определен момент може секвенцно селектирано и надвор од контекст да бидат објавувани во јавноста или пак донаторите да бидат ставени под политички, финансиски и друг вид притисок.

Можноста од злоупотреба надвор од конкретните докази за сторено кривично дело поради кое би се вршел претрес на службените простории на политички субјект е многу голема, и секако отвара простор за политичка дисквалификација во контекст на наводно криминално работење на политичкиот субјект. Исто така отвора простор за уништување на доверливоста при работата со своето членство и симпатизери.

Искуствено гледано во Македонија оваа не е невозможно и имаме конкретни примери за повикување на партиско членство на сослушување врз основ на вака или слично стекнати доказни материјали, Реперкусии врз професионалниот ангажман и кариера на поединци или последици во бизнисот на донаторите, па се до блокирање на партиски имот, а кој е јавно запишан во имотни листови.

Секако, може да кажеме дека претресот на службени простории на политички субјект како обвинителско-криминалистичка активност претставува исклучително чувствителна операција исполнета со безброј ризици за нејзина злоупотреба и излегување надвор од рамките на неопходните постапки во потрага по докази за сторено конкретно кривично дело. Токму оваа постапка на прибирање докази за сторено кривично дело ја детерминира улогата на полициските службеници при одземање на предмети кои се доказ за сторено кривично дело

Полицискиот службеник кој врши претрес со судски налог е овластен да заплени/одземе се што е наведено во налогот или било што за што постои основано сомнение и се претпоставува дека може да послужи како доказ за кривичното дело или е обезбедено при извршување на кривичното дело. Кривичниот законик содржи општа одредба според која предметите што треба да се одземат или што може да послужат како доказ во кривичната постапка привремено ќе се одземат и ќе му се предадат на судот или на друг начин ќе се обезбеди нивното чување.

Се работи за привремено одземање, затоа што дури по завршувањето на кривичната постапка дефинитивно се одлучува за судбината на предметите: дали конечно ќе се одземат; дали ќе се уништат; дали ќе се вратат на оној од кого се одземени итн. Одземањето на ваквите предмети кои можат да послужат како докази во

кривичната постапка е со цел да се спречи нивното криење, промена, губиток, оштетување или уништување. При одземањето на предмети чија содржина е доверлива, полицијата мора да го одземе предметот на таков начин што содржината на тие податоци нема да биде достапна за другите луѓе. Во согласност со правилата на полициската легислатива, полицајците се обврзани се што е од доверлива природа да се чува во тајност.[61]
Освен оваа општа одредба, ЗКП содржи посебни одредби кои, освен на одземањето на предметите, се однесуваат и на одземањето на списи и поштенски пратки.[62] Во случаи кога полициски службеник смета дека во компјутер постојат имформации што би можеле да се употребат како доказ, тој може да побара имформациите да му се дадат во форма која е видлива и читлива, поради задржување на истите.
Секој предмет одземен во согласност со горниве одредби, може да се задржи само толку колку што е потребно во околностите. Може да биде задржан, меѓу другите причини, и :

- како доказ во судска постапка за прекршок;
- за судски преглед или за друга истрага во врска со прекршокот; или
- кај што има разумни основи за верување дека предметот бил украден
или добиен со извршување на прекршок, за да се утврди законскиот сопственик.

Наведените предмети може да се одземат во случај кога се сопственост на обвинетиот, а исто така кога им припаѓаат и на трети лица, а тоа се предметите за кои постои опасност повторно да се употребат за извршување на кривично дело или ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето или причините на моралот. Со примената на оваа мерка не се завлегува во правото на трети лица на надоместок на штета од извршителот на кривичното дело. Доколку некој предмет се задржува, по барање кое имало старателство или контрола врз него пред одземањето, мора веднаш, односно во разумен рок, да му се издаде потврда или опис на предметот. Од стилизацијата на одредбата од ЗКП произлегува дека предметите може да се одземат без оглед на тоа во чија сопственост се. Имено, законот пропишува должност на секое лице што држи вакви предмети да ги предаде на судот. Лицето кое ќе одбие да ги предаде предметите може да се казни со парична казна, а инсистирањето на законодавецот за предавање на овие предмети оди дотаму што, во случај на натамошно одбивање, лицето може да се притвори. Инаку, доколку лицето кај кое се наоѓаат вакви предмети не ги предаде доброволно, органот ќе нареди претресување на дом или на лице и предвидена е можност од вложување жалба против решението со кое е изречена парична казна или е определен притвор, за која одлучува судот, а жалбата против решението за притвор нема суспензивно дејство и не го задржува извршувањето на решението. Законодавецот му наметнува должност на органот кој ги одзема предметите да го назначи местото каде што се пронајдени, да ги опише, а по потреба, на друг начин да го обезбеди утврдувањето на нивната идентичност а воедно тој е должен да издаде потврда за одземаните предмети. Независно од резултатот на постапката, овие предмети се уништуваат во случај кога тоа го бараат интересите на општата безбедност. Доколку одземените предмети не можат да се вратат затоа што се уништени или во голем степен оштетени, нивниот сопственик има право да бара надомест на штета. При почеток на дејствија како преглед, претрес на лица или домови или препознавања лица или предмети, податоците важни за природата на таквото дејствие или за потврдување на идентитетот на одделни предмети ќе бидат запишани во записник.
Записникот треба да ги содржи суштествените податоци за текот на содржината на преземеното дејствие:

- назив на државниот орган пред кој се врши дејствието
- место каде што се врши дејствието
- денот и часот кога дејствието е започнато и завршено
- имињата и презимињата на присутните лица и во кое својство присуствуваат
- како и назначување на кривичниот предмет според кој се презема дејствието.

Во записникот се забележува во форма на раскажување само суштествената содржина на дадените искази. Во случаите кога обвинетиот е прогласен за виновен привремено одземените предмети, по правило се одземаат, а дури може и да му се вратат на сопственикот, што зависи од наодот на судот.
За да се задоволи правото, се овозможува право на присуство на лице место на странката (во овој случај политичкиот субјект) или нејзин претставник на лице место[63]. Сопственикот на списите може да стави на

---

[61] Vladimir Jakovlević, Krivično delo neovlašćenog otkrivanja tajne, Anali, Beograd, 1967/2-2-3 стр. 305.
[62] Привремено се одземаат предметите што се употребени или биле наменети за извршување на кривично дело или што настанале од извршувањето на кривичното дело, ако се сопственост на извршителот.
[63] Damir Kos, “Primjena postojećih normativnih rešenja, kako bi se osujetile zloupotrebe procesnih prava stranaka“, Novine u kaznenom zakonodavstvu, Zbornik radova, Zagreb, 2019, str.3

обвивката и свој печат. Од страна на органот, лицето од кое се одземени списите, ќе се повика да присуствува при отварањето на обвивката, но неговото присуство не е услов за нејзиното отварање. Имено доколку тоа не се јави на поканата или е отсутно, обвивката ќе се отвори и списите ќе се прегледаат и ќе се попишат во негово отсуство.[64] Оваа според нас непрецизност во постапката, овозможува дополнително одземање на поедини делови од документи или нивна злоупотреба.

Со содржината на списите може да се запознаат само органот на постапката и лицата кои имаат право да присуствуваат при спроведувањето на овие истражни дејтва, а сите други лица се неовластени и не може да се запознаат со нивната содржина. Општа обврска е да се чува тајноста на содржината на списите од страна на сите лица што се запознале со неа, како и од органот на постапката и во таа смисла, при прегледувањето на списите мора да се води сметка нивната содржина да не ја дознаат неовластени лица, затоа што повредата на оваа обврска претставува кривично дело-повреда на тајноста на постапката.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Темата која ја истражувавме во рамките на овој труд, воглавно можеше да биде анализирана врз законските одредби за претрес на дом и други простории, како и во рамките на теорискиот пристап во однос на политиката и политичките партии како квалитативен метод на истражување при анализа на содржината.

Во Република Македонија не постои емпирија во врска со претресот на службени простории на политички субјект, така што претпоставките за можни злоупотреби во однос на политичкиот аспект на криминалистичко-оперативната постапка претрес на службени простории на политички субјект, се во рамките на возможното како резултат на непрецизираните законски одредби и евентуални политички девијации и тенденции.

Сепак, трудот и истражувањето не наведоа на заклучок дека постојат бројни недефинираности во однос на претресот на службените простории на политичките субјекти. Дополнително „проблематично“ е можноста при извршување на претрес, полициските службеници да можат да одземат и други документи или предмети за кои сметаат дека потекнуваат од сторено кривично дело и тоа не од конкретното кривично дело поради кое се врши претресот, односно кое е наведено во наредбата за претрес. Оваа слобода на „одлучување“ кај полициските службеници остава простор за сомнеж дека претресот може да биде злоупотребен. Злоупотребата би била токму во тој контекст на одземање на документи за кои може само полицискиот службеник по насока или самостојно да одлучи. Токму оваа можност, остава простор за корумптивна или политичка мотивираност за злоупотреба на претресот како обвинителско-криминалистичка постапка.

## 5. ПРЕПОРАКИ

Завршувајќи го трудот може да кажеме дека анализата на документите – законските одредби, емпириските сознанија и политичката анализа на обвинителско-криминалистичката оперативна постапка „претрес на службени простории на политички субјект“, не насочи кон согледување на неколку перспективи од кои ги извлековме следните заклучоци:

1. Во Република Македонија постои потреба од посебно законско регулирање на претресот на службени простории на политички субјекти;
2. Учеството на обвинителот при спроведување на самиот претрес во службените простории е неопходен, а со цел да се засили контролата врз работата на полициските службеници;
3. Одземањето на предмети и документи поврзани со стореното конкретно кривично дело треба да се ограничат исклучиво на тоа дело поради кое се врши претресот;
4. Утврдување на посебен протокол за чување на службена тајна од страна на полициските службеници, јавниот обвинител и судијата на претходна постапка, а во врска со информациите добиени како за конкретното дело, така и за други добиени сознанија во текот на претресот.
5. Законско регулирање на правото на политичкиот субјект за непосреден увид во текот на претресот, а особено на одземените документи и предмети и право на приговор на лице место во врска со поедини одземени документи кои се од политичко значење за политичкиот субјект.
6. Утврдување на законска можност за правно-процесна интервенција на лице место доколку политичкиот субјект смета дека му се одземаат документи кои не се поврзани со стореното кривично дело и истите би имале политички и општествени последици, особено поврзани со степенувани тајни на државно ниво.

[64] Пописот на списите треба да биде така спроведен што ќе овозможи нивна **идентификација** како услов да послужат како доказ во натамошниот тек на постапката, а при отворањето на обвивката и при пописот имаат право да присуствуваат тужителот и бранителот.

**ЛИТЕРАТУРА**

Витларов, Т. (2005). Одговорност на правните лица, во: Збирка на трудови на Правниот факултет-Скопје

Камбовски, В. (2001). Учество на повеќе лица во казненото дело, стр. 245, Скопје

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ НА З А К О Н ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13 ) (Одлука на Уставен суд бр.57/07 и 60/07), Глава 1-Општи одредби, член 2 став 1

Кривичен законик –Интегрален текст-Предговор, кратки објаснувања и Регистар на поими Скопје., Службен Весник на Република Македонија .17/97-773, 74/04-2, 15/05-1

Милер, Д. (2002). „Блексвелова енциклопедија на политичката мисла“, Ми-Ан, Скопје

Мојаноски, Ц. (2015). „Методологија на безбедносните науки – основи“, Книга прва, Факултет за безбедност, Скопје

Смит, А. (2018). „Политичка филозофија“ – Водич за студенте и политичаре, Клио, Белград

Horvatic, D., & Novoselac, N. (2004). „Općenito o kažnjavanju pravnih lica“, Opći dio kaznenog prava, Zagreb,

Jakovlević, V. (1967). Krivično delo neovlašćenog otkrivanja tajne, Anali, Beograd

Jakovlevic, V. (2015). “Prirodne katastrofe i obrazovanje”, Fakultet bezbednosti, Beograd

Kos, D. (2019). “Primjena postojećih normativnih rešenja, kako bi se osujetile zloupotrebe procesnih prava stranaka“, Novine u kaznenom zakonodavstvu, Zbornik radova, Zagreb

Stoyanov, A. (2018). “Corruption, state capture and anti-corruption initiatives in post-communist countries”, New Packaging, EISA, Johanesburg